Градоначалник на Општина Свети Николе
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0901-284
16.12. 2025 год.

# ЈАВЕН ПОВИК

Врз основа на член 1, 2, член 3 став 5 и 4 од Законот за комунални такси („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21); член 11 став 3, член 22 и член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24); • член 8 и член 21 од Статутот на Општина Свети Николе; •

Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси бр. 0701-612/19.07.2005 година, донесена од Советот на Општина Свети Николе, со која висината на комуналната такса за користење музика во јавни локали е утврдена на 6.000 денари годишно согласно тарифен број 5 од истата одлука, градоначалникот на Општина Свети Николе објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА СИТЕ ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ИМААТ СЕДИШТЕ НА ФИРМА ИЛИ ПОДРУЖНИЦА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, ОДНОСНО СЕ ОБВРЗНИЦИ НА КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ МУЗИКА ВО ЈАВНИ ЛОКАЛИ

Сите правни или физички лица (Угостителски објекти (кафулиња, ресторани, барови, сендвичари, клубови; Трговски објекти и маркети кои користат музика; и услужни дејности кои емитуваат музика), кои, во вршење на угостителска, трговска или услужна дејност, во објекти отворени за јавност користат музика (преку озвучување, радио приемник, ТВ уред, компјутер или друг вид на еминтер на музика и жива музика). Се должни:

1. Да поднесат Пријава за упис во регистарот на обврзници на комунална такса за користење музика во јавни локали.
2. Пријавата со пропратната потребна документација се поднесува до Одделението за комунални работи, во канцелариајта за едношалтерско работење
3. По доставувањето на пријавата, Одделението за администрирање со даноци и комунални такси ќе издаде Решение за утврдување на комунална такса за користење музика во јавни локали, кое ќе содржи рок и начин на плаќање.

**Уплата на такса**

- Годишна: 6.000 денари,

Уплатата се врши на жиро-сметката на Општина Свети Николе

**Напомена:**
Овој повик, влегува во сила со денот на објавувањето, а се смета дека обврзникот е запознен за правната обврска. За негативните последици (принудна наплата, парични казни, дополнителни трошоци и друго), кои евентуално можат да настанат, ќе ги сноси самиот обврзник. Доколку сте извршииле уплата, а се уште не е евидентирана, ве замолуваме да се обратите во Општина Свети Николе, Одделението за администрирање со даноци и комунални такси за да доставите доказ за извршената уплата.

Со почит,

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**

________________________
**Г-дин Дејан Владев**